

Ордан Чопела (1912 – Битола, 9. IV 1942) е македонски комунист, учесник во НОБ. Познат е под певдонимот Кулак. Учествувал во штрајковите на тутунарските работници. Во 1940 г, бил примен и за член на КП во Македонија. По фашистичката окупација на Македонија станал член на МК и на Воената комисија. Учествувал во партизанскиот напад на Прилеп на 11 октомври 1941 г. Во декември бил испратен на партиска работа во Битола. Неколку месеци потоа загинал во борба со бугарската полиција. Во 1949 г. бил прогласен за народен херој.

Ордан Ставрев Чопела Јордан Чопела (псевдоним Кулак) е роден во 1912 година во селото Варош, Прилепско. Потекнувал од земјоделско семејство кое одгледувало тутун. Кога пораснал, се занимавал со тутунопроизводство и бил сезонски работник во Тутунскиот комбинат во Прилеп.

Како член на синдикатите на УРС и како член на штрајкувачкиот одбор, на 4 април 1938 година, учествувал во штрајкот на повеќе од 2.000 работници.  Истата година, Орде бил и активен агитатор на изборите.

Во 1940 година бил примен за член на Комунистичката партија на Југославија. Работел во Здружението на тутунопроизводители. За организирање штрајк против испорака на тутун во Монопол, по ниски откупни цени, бил повикан на воена вежба. И таму организирал бунт, кога резервистите истуриле тенџериња со храна, за што поминал три месеци во истражен затвор.

По Априлската војна и окупацијата на Кралството Југославија, како член на Месниот комитет на КПЈ за Прилеп, работел на организирање на востанието. На 16 јули 1941 година во неговиот стан во Прилеп била формирана Прилепска воена комисија.

Орде учествувал  во организирањето на Прилепскиот партизански одред. Често одел во Одредот и како член на Локалниот оперативен штаб пренесувал директиви. На 11 октомври 1941 година учествувал во нападот на партизанскиот одред на Прилеп.

Во јануари 1942 година, според директивата на Покраинскиот комитет на КПЈ за Македонија, Орде бил префрлен на работа во Битола, каде требало да и помогне на тамошната партиска организација во подготовките за формирање на партизански одред.

Бугарската полиција веднаш по заминувањето за Битола дознала за неговото присуство во градот и му влегла во трага. Во раните утрински часови на 9 април 1942 година, полицијата ја опколила куќата во која тој ја поминал ноќта. Во нерамноправна борба бил тешко ранет и заробен. Истиот ден им подлегнал на раните.

По повод 2 август, Илинден, со указ на Президиумот на Народното собрание на ФНР на Југославија број 211/49, на 1 август 1949 година е прогласен за народен херој.

(извор: М.Е. Скопје, 2009)



Подготвил Т.К.